*АКАДЕМИЈАТА ПРЕД НОВИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ НА ВРЕМЕТО*

ЕКСПОЗЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАНУ,

АКАД. ГЕОРГИ СТАРДЕЛОВ, ПОДНЕСЕНО НА ЧЕТИРИЕСЕТ И ПРВОТО ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА МАНУ

Стана веќе убава традиција, МАНУ, по секоја завршена претходна година, да излегува пред македонската научна, културна и политичка јавност со опширен извештај за севкупноста на својата дејност. За оваа отчетна година изготвени се три обемни блока од извештаи за научноистражувачката дејност; за резултатите од сите нејзини проекти на кои работеле сите пет одделенија и истражувачки центри; за соработката на МАНУ со европските и светските академии, за публикуваните дела и трудови во нашата и светската научна периодика; за програмата на активностите што ќе се преземаат во 2008 г. и преглед за финансиските состојби на МАНУ во минатата 2007 г. По сите нив расправаа одделенијата и центрите. Денеска сме пред финалната расправа на ова Собрание, на кое треба тие, по дискусијата за нив, да бидат прифатени и изгласани.

Почитувани академици,

Ако се фрли поглед наназад на 2007 г. тогаш не е тешко за клучен настан во неа да се прогласи одбележувањето на 40-годишниот јубилеј од постоењето на Македонската академија на науките и уметностите. Од сумарниот историски преглед што во своето експозе го направи претседателот акад. Цветан Грозданов, изнурнува свеста дека нашата Академија, во сиот овој временски период, израсна во темелник на македонската наука, јазик, историја и култура и во базичен стожер како на историската егзистенција, така и на државноста на Македонија. Во темелите на Академијата вградено е епохалното дело на плејада македонски творци во областа на уметностите и науките со кои трајно сме запаметени во историјата. Тоа се виде, исто така, и од поздравните говори поднесени на свечениот собир од страна на премиерот м-р Никола Груевски и на претседателот на Република Македонија Бранко Црвенковски, кој во оваа

пригода ја одликува Македонската академија на науките и уметностите со *Орденот на Република Македонија* за нејзиниот придонес за развојот на научната и научно-истражувачката дејност и уметничкото творештво од значење за развојот и афирмацијата на македонската држава, како и петте поранешни претседатели на Македонската академија на науките и уметностите: акад. Јордан Поп-Јорданов, акад. Ксенте Богоев, акад. Георги Ефремов, акад. Матеја Матевски и акад. Цветан Грозданов и двајцата живи членови од првиот состав на Македонската академија на науките и уметностите, акад. Благој Попов и акад. Ѓорѓи Филиповски со *Орден за заслуги за Македонија*.

Јубилејот на Македонската академија на науките и уметностите, со поздравни обраќања ѝ го честитаа врвните луѓе на голем број странски академии, меѓу кои ALLEA; Меѓународна унија на академиите – Унгарската Академија на науките; Австриската академија на науките; Академијата на науките на Албанија; Академијата на науките и уметностите на Босна и Херцеговина; Бугарската академија на науките; Косовската академија на науките и уметностите; Полската академија на науките; Академијата на науките и уметностите на Република Српска; Руската академија на науките; Словенечката академија на науките и уметностите; Српската академија на науките и уметностите; Турската академија на науките; Националната академија на науките на Украина; Хрватската академија на науките и уметностите и Црногорската академија на науките и уметностите.

На свечениот собир по повод јубилејот, Националната академија на науките на Украина со *Орден за наука* ги одликува акад. Јордан Поп-Јорданов акад. Цветан Грозданов акад. Блаже Ристовски и акад. Гане Тодоровски.

Во рамките на прославата на 9 ноември 2007 година беше доделено за првпат меѓународното признание на Македонската академија на науките и уметностите, медалот „Блаже Конески“, востановено по повод 40-годишниот јубилеј на Академијата. Признанијата „Блаже Конески“ во 2007 година им беа доделени на проф. д-р Кристина Крамер, САД, за посебен придонес за проучување на македонскиот јазик, на акад. Рина Усикова, Руска Федерација, за педагошко-лингвистички заслуги за изучување на

македонскиот јазик и литература и на Ханс-Лотар Штефан, Сојузна Република Германија, за посебен придонес во меѓународната афирмација на историјата на македонскиот народ.

Во работниот дел на прославата на 40-годишниот јубилеј на Македонската академија на науките и уметностите беа одржани повеќе меѓународни научни собири, свечени одбележувања и промоции, меѓу кои меѓународниот научен собир: *Откривањето и проучувањето на Македонија во европската наука до формирањето на македонските државни институции*; меѓународната научна конференција *Меморија и интерпретација*, научната расправа *Еволуцијата на уставниот систем на Република Македонија во пресрет на усвојувањето на уставниот договор на Европската унија.* Посебно беше одбележена 20-годишнината на *Истражувачки центар за генетско инженерство и биотехнологија* на кои беа промовирани четирите тома трудови од научните истражувачи на овој Центар и од неговите домашни и странски соработници како и промоцијата на *Избраните дела* на акад. Харалампие Поленаковиќ.

Базичната дејност на Македонската академија на науките и уметностите, како и во изминатите години, така и во 2007 година, се остваруваше предимно низ работата на научноистражувачки проекти финансирани како од Фондот на Македонската академија на науките и уметностите, така и од странски извори. За жал, а тоа го повторуваме секоја година, средствата во Фондот за научни и уметнички проекти на МАНУ се намалуваат, а проектите сè повеќе се зголемуваат па не ги задоволуваат ни елементарните обврски на истражувањата. Освен тоа, бидејќи немаме посебни средства за меѓуакадемиска научна соработка со странство, тие се користат и за таа цел. Тоа е уште еден мошне индикативен пример за тоа колку се мали издвојувањата за науката во Р. Македонија и дека уделот на науката во бруто националниот доход на Република Македонија се наоѓа на самото дно во Европа.

И покрај овие ограничувања, Академијата навистина оствари значајни резултати. Така Центарот за генетско инженерство и биотехнологија, како прв таков центар во МАНУ, во текот на 2007 година работеше на 4 научноистражувачки проекти од кои еден меѓународен и три

национални. Во 2007 истражувачите од овој Центар публикуваа „*Избрани оригинални научни трудови*“ во четири тома на околу 2.000 стр., потоа еден број од меѓународното списание *Balkan Journal of Medical Genetics*, што на англиски јазик го издава овој Центар на МАНУ. Заедно со тоа тие објавиле 7 научни труда во меѓународни научни списанија, а со 6 трудови учествувале на меѓународни научни собири. Во Центарот функционира Национална референтна лабораторија за хемоглобинопатии која има статус на Интернационална референтна лабораторија и интернационален информативен центар за хемоглобин. Овој Центар е седиште на Мрежата за комуникации на научните институции во областа на молекуларната биологија, со што стана светски референтен центар.

Во Истражувачкиот центар за енергетика, информатика и материјали (ИЦЕИМ) се работеше на шеснаесет проекти финансирани од меѓународни извори (шест од Шестата рамковна програма на ЕУ, четири од ЦОСТ програмата на ЕУ/ЕСФ, два од УНДП, еден од Интернационалната агенција за атомска енергија, еден од странска донација и два од странски влади). Членови на Центарот работеа и на уште 13 проекти финансирани од Фондот на МАНУ. Инаку, во извештајниот период соработниците на ИЦЕИМ и на Одделението за математичко-технички науки кои се обединети, објавиле 27 труда во научни списанија (24 во меѓународни и 3 во домашни), и презентирале 32 трудови на 29 меѓународни и на 3 домашни научни собири.

Врз основа на успехот на конкурсите на Европската Унија, ИЦЕИМ е прифатен како „центар на одличноста“ („center of excelence“), исполнувајќи ги критериумите на Светскиот меѓуакадемиски совет што се однесуваат за вакви центри.

Благодарение на проектите на ИЦЕИМ нашата Академија е признат лидер во Советот на Академиите на Југоисточна Европа во однос на вклученоста во програмите на ЕУ, со што македонската наука се здоби со светска димензија.

Центарот за ареална лингвистика во текот на 2007 година работеше врз проектите: *Меѓународни лингвистички атласи*: а) *Општословенски лингвистички атлас (ОЛА)* и б) *Европски лингвистички атлас (ЕЛА)*, како и на проектот *Географска и функционална карактеристика на*

*морфосинтактичките балканизми*. Од овие проекти се произлезени 8 карти, 3 сводни карти и еден зборник поставен на Интернет. Еден проект во овој Центар е работен без да биде финансиран, а еден од Одделението за лингвистика и литературна наука со средства од UNESCO од кој во 2007 година публикувани се првите резултати под наслов „Интерпретации – поетика, херменевтика“ 1 том. Со еден збор, Истражувачкиот центар за ареална лингвистика е единствена научна лингвистичка установа во Р. Македонија чија програма опфаќа компаративни истражувања на полето на славистиката и балканистиката.

Во текот на 2007 година во рамките на Лексикографскиот центар е продолжено работењето на долгорочниот проект: *Македонска научна и стручна терминологија,* од која е издаден 112 волумен; *Македонска енциклопедија,* која наскоро се очекува да излезе од печат; макропроектот *Историја на културата на почвата на Македонија,* од кој во 2007 година објавени се 2 тома, како и еден том од *Книжевното наследство на Славко Јаневски*.

Нема сомнение дека еден од најамбициозните проекти на МАНУ на кој се работи последниве години е токму „Македонската енциклопедија“. Уверен сум дека појавата наскоро на оваа базична македонска книга ќе се вреднува како услов без кој не е можна изградбата на свеста за целината на македонската цивилизација во еден милениумски временски континуитет. Притоа, „Македонската енциклопедија“ ќе го втисне и ќе го заснова врз тој континуитет, македонското гледиште и македонската историска и културна свест. Таа ќе биде научна верификација на огромен број факти, кои на нов начин ја откриваат историската целина на македонската цивилизација од нејзиното настанување до денес. Во овој час кога т.н. македонско прашање изнурна на светскоисториски план, појавата на Македонската енциклопедија ќе биде од непроценливо значење.

При недостиг на средства во Фондот на МАНУ за наука, Академијата заседе став дека продолжувањето на работата врз големата петтотомна *Македонска енциклопедија* и нејзината целосна реализација, е можна само со дополнителни средства што треба да ги обезбеди државата како што тоа се правеше и со еднотомното издание кое очекуваме наскоро да биде

преведено и издадено на англиски јазик и за што подготовките треба веќе да отпочнат.

Што се однесува до трите проекти над кои се работеше во Центарот за стратегиски истражувања, тие, за жал, останаа без својот раководител, покојниот акад. Никола Кљусев и сега се наоѓаат во мирување.

Одделението за општествени науки во изминатата година ја издаде обемната монографија „Живописот на Охридската архиепископија", а членовите на ова Одделение објавиле 95 трудови во научни списанија, потоа 3 монографии, една студија, непериодични сериски публикации и прилози во два зборника.

Од проектите работени во Одделението за уметност создадени се повеќе вонредни уметнички дела: реквием, повеќе скулптурни портрети и композиции, повеќе романи, есеи книги песни од кои повеќето објавени се на повеќе јазици во светот, додека ликовните творци од Одделението изложувале свои дела во многу земји во светот.

Значајна поддршка за нашата Академија произлегува од Фондацијата „Трифун Костовски" благодарение на која се објавени голем број ракописи и создадени бројни ликовни експонати. Од посебно значење за македонската културна, научна и уметничка дејност се фондовите *11 Март 1943* и *Вита Поп-Јорданова*, со која се доделува награда за најуспешен млад научник на годината во нашата земја.

Правејќи сумарум, треба да речеме дека во овие бројни колективни и индивидуални проекти откриени се и протолкувани сосема нови раздобја, појави и личности од истражувањата на историјата на македонската култура од неолитот до денес, конституирана е единствена македонска терминологија од над 45.000 поими, создаден е општословенски лингвистички атлас, проследен е живописот на Охридската архиепископија, извршени се бројни енциклопедиски и лексикографски истражувања на Македонија, завршени се повеќе монографски дела на познати македонски книжевни и историски дејци, подготвени се критички изданија на собраните дела на Крсте Мисирков и Блаже Конески, издаден е првиот волумен од научната расправа за хармонизација на националното со европското законодавство. Во биолошко-медицинските науки, истражувани се нови

феномени во интерната медицина и стоматологијата, а во математичко-техничките остварени се фундаментални сознанија во физичките, термодинамичките, математичките, хемиските и електротехничките науки. Во уметноста создадени се значајни уметнички дела во сите уметности: во прозата, поезијата, есејот, реализирани се тематски релевантни скулптурни проекти во бронза како „Балканското соѕвездие" и „Александар Македонски", потоа ретроспективни ликовни изложби итн.

Многу од своите научно-истражувачки резултати членовите на Академијата ги соопштуваат на научни собири. Во текот на 2007 година, нашите членови настапиле со вкупно 117 соопштенија на голем број научни собири во земјата и странство.

Интегрален дел од научноистражувачката работа е, несомнено, *објавувањето на резултатите* од истражувањата и нивната презентација пред пошироката јавност. Во 2007 година се објавени 9 периодични и 22 посебни изданија, 2 каталога од изложби, или вкупно 33 дела.

Како значаен дел од научната активност на Академијата и на нејзините членови секако е нивната соработка со други академии, потоа меѓусебни посети и другите форми на соработка. Во овој поглед посебно место заземаат редовните собири на Руската и посебно на Украинската и на Македонската академија. Во 2007 година ваков собир беше одржан во Битола и во Охрид.

Улогата на МАНУ не се огледа само во работата на научните истражувачки проекти, туку и во нејзиното вклучување во тековите и процесите на современото македонско општество. Дијалогот меѓу науката, општеството и политиката, не е ни лесен ни едноставен, бидејќи целите на науката и целите на политиката се многукратно различни. Така, од една страна, се смета дека државата не ја уважува секогаш науката во носењето на стратешките одлуки, додека од друга, се смета дека македонската наука не се занимава понепосредно со прашања кои се поврзани со животната практика и со општествените потреби. Сето тоа создава атмосфера на определени недоразбирања. Тргнувајќи од тој факт сметаме дека еден поредовен дијалог меѓу нив ќе доведе до подобра и поголема нивна комуникација. Што се однесува до нас, досегашната соработка со Владата и

со другите владини институции ја оценуваме како заемно корисна и успешна.

Ние се залагаме политиката во менувањето на стварноста да ги вградува дострелите на науката за одделни прашања кои се предмет на проучувања во бројни научно-истражувачки проекти од Програмата на МАНУ. Тоа значи дека, живеејќи во едно научно општество какво што е современото, раководењето со државата со водечките нејзини институции треба сè повеќе да се потпира врз резултатите до кои дошла науката. Со тоа политиката сè повеќе ќе добива научна димензија. МАНУ е, на пример, така организационо структурирана во која работат пет истражувачки центри. Секој одделен од нив може да понуди одговор на бројни стратешки прашања пред кои стои македонското општество.

Сметаме дека МАНУ треба да воспостави поефикасна соработка со институциите на државата, дотолку повеќе што во оваа област состојбата е повеќе од лоша. Кај нас речиси и да не постои културна, а особено научна институција, која да не стагнира поради недостиг на средства за научноистражувачка дејност. Сето тоа го нагласува фактот дека во нашата средина креативниот и научниот труд се крајно маргинализирани, дека не постои вистинска нивна валоризација, па во тој однос ние тонеме до самото дно. Ова го истакнувам мислејќи на нашата култура во целост: на науката, литературата, уметноста, музиката, на музеите, на театрите, на библиотеките, на образованието. Лоша е онаа политика кога културните и научните институции државата ги финансира од она што ќе преостане, дотолку повеќе што мерката за успешноста на една власт, покрај материјалниот опстанок, е и духовниот подем кој најлесно може да се види од развитокот на образованието особено на информатичкото, во кое со право инвестира актуелната влада, акција што ние ја поздравуваме. Но, не помалку тоа е зависно од устројството на градовите и од уреденоста на институциите кои се наоѓаат во нив. Треба да имаме предвид дека јакнењето на националните држави во Европа одеше паралелно со формирањето и јакнењето на главните национални институции кои ги надживуваат државите. Државите, имено, се менуваат во текот на еден човечки век, а институциите, остануваат трајни. Затоа власта треба да биде поставена

спрема институциите како кон чуварки на оние својства на државата кои се постари и поважни од неа самата.

Веќе реков дека главен проблем во македонската политика е што нашите врвни национални институции не се упатени едни на други, дека живеат сами за себе без заемна соработка и координација, без меѓусебно соочување и проникнување на нивните стратешки цели во единствената стратегија на државата. Поради тоа во последно време ни се случува слабеење на повеќе наши научни институти од исклучителна важност за напредокот на нашата земја. Тие создаваат вредности од посебен национален интерес и нивните научни достигања треба перманентно да се вградуваат во практиката на непосредниот живот. Само тогаш тие ќе се вистински плодотворни и само така науката ќе израснува во продуктивна и базична сила.

За да се постигнат тие цели (а тоа сакам посебно да го нагласам токму денес) треба секој од нас во Македонија да си ја врши работата така како да е во прашање остварување на голема историска мисија. Нашата Академија треба да биде пример за реализацијата на таа историска мисија и со тоа да посочи на тоа кои се тие важни нешта за опстанокот на народот без кои нема воопшто опстанок и траење.

Еве се затвори третиот месец откако новото раководство на МАНУ го презеде нејзиното раководење. Во него започнати се повеќе иницијативи од кои најважни се: потемелни промени на Статутот на Академијата. Формиравме комисија со која раководи потпретседателот Владо Камбовски. Таа веќе одржа четири седници и веќе сè порељефно се оцртуваат идните реформиски процеси. Во нив станува збор за повеќе иновантни чекори. Ќе спомнам само еден. Имено, со бришењето на статусот дописен член на МАНУ дојде до нагло стареење на составот на членството на МАНУ. Сега просекот на старосната доба е над 73 години. Како субститут на тој статус ќе предложиме да се воведе нов академски статус *научен соработник / советник на МАНУ*. Тие ќе се избираат, како и изборот за редовни членови секоја трета година. Се разбира тие нема да основаат работен однос со МАНУ, т.е. ќе го задржат работното место на факултетите и институтите, а

во МАНУ ќе бидат вклучени во реализацијата на проектите од научноистражувачката програма, ќе учествуваат во редовната работа на Академијата, во соодветните одделенија и центри, и со тоа ќе го формираат она јадро од кое ќе се избираат редовните членови на МАНУ. Кога Комисијата ќе заврши со својата работа и ќе ги формулира сите промени, очекуваме тие, некаде пред летните одмори, да бидат разгледани и, евентуално, прифатени од Собранието на МАНУ.

Како интегрален дел на асоцијациите на европските академии, МАНУ функционира претежно како државна академија. Таа мора, по парадигмата на европските академии, сè повеќе да ја гради и зацврстува својата научна, уметничка и материјална самостојност и со тоа да дава влог во остварувањето на слободно општество на трансатлански вредности во кое државата и науката, воспоставуваат партнерски однос, со тоа што моќта сè повеќе ќе се префрла од државата на науката. А моќта на науката веќе денес се огледа во тоа што токму таа одлучува за примарните егзистенцијални прашања: за животот и смртта; за здравјето и болеста; за совладување на природата; за истражувањата и образованието; за обликувањето и користењето на слободното време; за изгледот на човечката средина; за организацијата и карактерот на производството итн.

Се разбира, уште долго македонската наука и култура не ќе можат без поддршката на својата држава. Но треба сè повеќе да се менува начинот на нивната трајна меѓусебна соработка која ќе се одвива без субординација, со тоа што тие меѓусебно ќе се советуваат, на пример, кои проекти се порелевантни за државата и наместо дотации тие да се компензираат со нивната вистинска цена и вредност. Имајќи го предвид овој процес кој неумоливо се отвора, ние посистематски треба да се свртиме, како сите европски академии, кон непосредна соработка со македонската бизнис заедница. Имено, врз основа и на постојниот статут, кој, меѓутоа, ќе доживее темелна реиновација, ние се подготвуваме да воведеме *Фонд за апликативни научни истражувања* во кој ќе се создаваат и обезбедуваат средства, врз непосредни договарања на одделните стопански субјекти и МАНУ, за соработка на заеднички апликативни проекти. На тој начин постојано ќе доаѓа до потемелно и понепосредно поврзување и

проникнување на светот на науката и знаењето со светот на производството, а тоа, пак, нив заеднички ќе ги унапредува.

Се разбира, сите овие трансформации на МАНУ не можат да се извршат за еден мандат. Тоа е еден процес кој ќе трае подолго, но важно е тој еднаш да отпочне и да биде прифатен од самите академици, зашто пред сè од нивната волја ќе зависи ритмот на промените што ќе се понудат во процесот на постепената трансформација на Македонската академија на науките и уметностите, пред предизвиците на своето време.

Почитувани академици,

Букурешт би и помина. Во тој фатален град за македонската национална судбина повторно доживеавме пораз, но, овојпат, пораз не на делби на народот, туку на негово обединување. Иако неправедлив чин, тој не нè понижи како народ кој, еве, две децении води речиси епска борба на светската сцена за своето име, туку нè поттикна да истраеме на нашиот стратегиски евроатлантски пат и со уште поголем елан да ја градиме и унапредуваме неимоверната македонска сила да се опстојува наспроти сите историски фурии што го тресат нашето постоење. Ние чекориме непоколебливо кон нашето вградување во светот на европските и трансатлантските вредности.

По Букурешт стана, меѓутоа, јасно она што до вчера само се претчувствуваше, дека грчкото вето не е заради името, туку заради нашиот опстанок како народ и држава. Во Букурешт нам Грција ни го оспори правото на постоење. Ние не бевме примени во НАТО само затоа што имаме свое историско име. Затоа Грција и ни поставува услови кои ниту еден чесен и честит народ не може да ги прифати. Дури човек да помисли дека не постои име за нашата држава што ќе ја задоволи Грција, освен името на нашето непостоење. Дополнителните дипломатски изјави од грчката страна што денес ги слушаме, можат да се сфатат само како иронија. Оваа соседна држава ќе продолжи со својата политика сè додека може, зашто каприцот има право сè дури има сила. Треба да сме подготвени дури и на тоа дека таа можеби никогаш нема да се согласи со името на Македонија, освен со она кое ја поништува не само вистината за Македонија туку и скорешната стварност. Што, на пример, значи барањето исто име и за

надворешна и за внатрешна употреба, ако не поништување на фактот дека Македонија е веќе признаена од сто и дваесет држави под своето уставно име. Тоа е обид историјата да се направи реверзибилна и стварноста на минатото да се промени.

Деновиве бевме свидетели дека Грција не само што не ја оспорува историската карта на Македонија (што до скоро беше незамисливо) туку и другите соседи ги насрчува и насочува да ги продолжат и завршат процесите почнати во Балканските војни, па така денес како да е на показ нова редефиниција на Балканските војни со сотрувањето на македонскиот идентитет и меморија, зашто токму меморијата на еден народ, е она што го создава и чува неговиот идентитет. Ние речиси немаме народна песна во која не се споменува името Македонија или некоја изведенка од него. Она што го бара Грција подразбира дека ние во иднина треба да престанеме не само да пееме туку и да зборуваме и мислиме. Со еден збор, да постоиме. Во ваквата ситуација во која се најде, Македонија треба да се потпре на слободниот демократски свет. Од гледна точка на Академијата, многу нешта зависат од демократските земји на светот на кои сакаме да им се придружиме – но некој нè оттурнува од нив. Тие треба да покажат постои ли принцип кој може да се стави над слободата и над вистината. Испраќајќи го нашиот апел до слободниот демократски свет, чувствувам потреба да изјавам дека и ние, македонските академици, им се заблагодаруваме на оние кои ни пружија широка поддршка – пред сите – на САД и на нивниот претседател. Изговорувањето на името *Македонија* од негова уста беше вистински мелем за лутата рана.

Деновиве еден американски дипломат грчката постапка во Букурешт ја нарече „злоупотреба на деца“, злоупотреба на бессилниот од страна на силниот и злоупотреба на беспомошниот од страна на моќниот. Навистина, само така може да се оквалифицира постапката кога силниот ќе се нафрли врз обесправениот, па згора на тоа и ќе го смета за виновен. Зарем е можно Грција толку да се повикува на класичното минато, а да ја нема запаметено басната на Езоп за волкот и јагнето?

Му се обраќаме на светот да го заштити нашето име за кое се врзани многу славни нешта од историјата на човештвото. Оттука почна да се шири

христијанството во Европа, тука се удрени темелите на словенската писменост. Оттука тргна, на сета планета Земја, една од најголемите светски идеи воопшто во историјата на идеите, идејата за рамноправноста на јазиците, потоа идејата за екумената и за обединувањето на народите, големиот космополитски проект за нивниот соживот и мултикултурно проникнување. Големината на сите тие идеи денес станува реалност во современата историска практика на човечкиот род, така што т.н. грчко-македонски спор, погледнат токму од тој аспект, е крајно анахрон и ретрограден. Меѓутоа, за жал, Грција, тој денешен Тимон Атинец на Република Македонија, уште за долго ќе ни се испречува на патот, додека светот не сфати кој е обесправениот и онеправданиот во овој спор и не застане на страната на вистината и правдината. Најпосле сета историја ни откривала, особено нам на Македонците, дека обесправените секогаш на крајот победувале. Затоа она што треба да го осудиме пред лицето на светот е грчкиот, но и сите други балкански националистички дискурси, потоа познатите ксенофобии и балкански стереотипи, сите оние националистички егоцентризми, големодржавни проекти и фрустрации што повторно се будат а кои им нанесоа толку многу зло на сите балканските народи.

Дозволете ми да завршам со една силна импресија што сакам да биде примарна македонска вистина.

Набљудувајќи ги денешните тековни процеси во македонското општество, мене ме обзеде едно неверојатно чувство. Имено, ми се стори како Македонија да не е иста по Букурешт, како речиси несвесно да ни се случила во нас самите некоја неочекувана метаморфоза како што тоа инаку бидува по секоја трагична катарза. Имено, кај сите нас како да избива во преден план чувството што порано толку ни недостигаше, чувството да создаваме стабилност. Тоа чувство е придружено со едно, исто така порано неприсутно, со чувството на меѓусебна почит и самоуважување. Погледајте ги лицата на политичките луѓе, како да го сменија својот лик и сега со поголемо уважување говорат едни за други. Едноставно сега како да сакаат да се разберат наспроти порано кога тоа едноставно не го сакаа.

Се прашувам: дали е тоа некоја индиција дека Македонците ги напуштаат своите веќе пословични кавги и дека ќе успеат да изградат

заеднички став за историската судбина на својата држава во овие судбоносни часови?

Ете со тоа пожелувачко чувство, како еден вид пролегомена, го отворив 41 Годишно собрание на МАНУ, уверен дека со него ќе се отвораат пред нас некои нови македонски хоризонти.